# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 58-а став (12) од Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/09, 82/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЛОВЕЧКИ ИСПИТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ЛОВЕЧКИ ИСПИТ КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЛОВЕЧКИ ИСПИТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за полагање на ловечки испит, формата и содржината на уверението за положен ловечки испит како и формата и содржината на записникот за полагање на ловечки испит.

## Член 2

Барањето за полагање на ловечки испит се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Уверението за положен ловечки испит се издава на образец, во А-4 формат, на хартија во светло жолта боја на која е отпечатена слика од дивеч-елени во позадина на текстот.

Образецот на Уверението од став 1 на овој член содржи: во горниот дел стои грбот на Република Македонија, под него има назив: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО СКОПЈЕ, во централниот дел стои називот: „УВЕРЕНИЕ ЗА ПОЛОЖЕН ЛОВЕЧКИ ИСПИТ", под него се впишува име, татково име и

презиме, датум и место на раѓање, место на живеење на лицето кое го положило испитот, во долниот лев агол се впишува евидентен број на уверението, датумот на издавање на уверението, во долниот среден дел има место за печат а во долниот десен агол се наоѓа место за потпис на овластено лице.
Уверението од став 1 на овој член е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Записникот за полагање на ловечкиот испит се отпечатува во образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на записникот од став 1 на овој член, се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-5949/2
16 мај 2018 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Николовски, с.р.

ПРИЛОГ 1

**ДО: МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**- Комисија за полагање ловечки испит -**
**Ул.“Аминта Трети“ бр.2**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ:** Барање за полагање ловечки испит

Од ________________________________________,
( Име, татково име и презиме)

роден-а на ________________ година во______________________, живее
( ден, месец и година ) ( место на раѓање )

во ________________ на ул. ______________________________, бр.____,
( место на живеење ) ( адреса на живеење ) ( број )

лична карта бр. _________________ СВР ____________________.
( регистарски број ) ( име на органот )

Член на ЛД или ЗЛ ______________________________________________
(име на ловечкото друштво или здружението на ловци)

Контакт тел. ____________________

Го молам насловот да ми овозможи да полагам ловечки испит согласно одредбите на Законот за ловството.

Б а р а т е л

------------------------------

**Напомена :**

- Барањето да се пополни со печатни букви
- Задолжителен прилог на барањето е оригинална уплатница образец ПП50 во износ од 1.000 денари
- Прилог уплатница за платена административна такса во износ од 50 денари

ПРИЛОГ 2

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

### СКОПЈЕ

# УВЕРЕНИЕ

## за положен ловечки испит

На лицето ______________________________

роден – а на __________ во ______________________________

со место на живеење ______________________________

му – ѝ се издава Уверение за положен ловечки испит.

Бр. ______________

Датум ______________

М.П.

Овластено лице

..........

Потпис

ПРИЛОГ 3

**З А П И С Н И К**
**од полагање на ловечки испит**

На ден ________20____ год. кандидатот______________________________

роден-а ______________________ во ________________________ со место на

живеење _______________________________________ полагаше ловечки испит.

На практичниот дел од испитот на кандидатот му беа поставени следните прашања:

1. ______________________________________________________________
2. ______________________________________________________________
3. ______________________________________________________________

Кандидатот_________положи практичниот дел од испитот.

На теоретскиот дел од испитот на кандидатот му беа поставени следните прашања:

1. ______________________________________________________________
2. ______________________________________________________________
3. ______________________________________________________________

Кандидатот_____________положи теоретскиот дел од испитот.

**Кандидатот _____________ положи ловечкиот испит.**

**Членови на стручна комисија за полагање на ловечки испит**

1. член, ________________
2. член, ________________
3. член, ________________
4. член, ________________